Australian Government

COVID-19 VACCINATION

# Што да очекувате на денот на вакцинацијата против КОВИД-19 во вашата установа за резиденцијална нега за стари лица

## Информации за жителите, семејствата, негувателите и најблиските

Австралиската влада има стратегија за снабдување со вакцини против КОВИД-19 на сите кои живеат во Австралија.

Вработените во установите за резиденцијална нега на стари лица и жителите во нив ќе бидат меѓу првите кои ќе можат да изберат да добијат вакцина против КОВИД-19. Тоа е дел од првата фаза (Фаза 1а) од австралиската национална стратегија за вакцинација против КОВИД-19 .

Вакцинацијата против КОВИД-19 на вработените во установите за резиденцијална нега на стари лица и на жителите во нив ќе се врши во установите за резиденцијална нега на стари лица. Вашата установа за резиденцијална нега на стари лица ќе ве извести за денот на вашата вакцинација.

Овој документи ви дава вам, на вашето семејство и на најблиските информации за тоа што може да очекувате пред и на денот на вашата вакцинација.

## Пред денот на вакцинацијата

- Австралиската влада ќе организира вакцините да бидат испорачани на вашата установа за резиденцијална нега на стари лица.

- Исто така, Австралиската влада ќе ангажира клинички работници кои ќе дојдат во вашата установа за резиденцијална нега на стари лица и ќе ги вакцинираат жителите на установата и вработените. Тие клинички работници тесно ќе соработуваат со вашата установа пред денот на вакцинацијата заради планирање и обезбедување дека на денот на вакцинацијата сè тече безбедно и ефикасно.

- Вашата установа за резиденцијална нега на стари лица ќе ве праша вас и вашиот заменик доносител на одлуки (substitute decision maker) (ако го имате) дали давате согласност да примите вакцина против КОВИД-19.

    - Информации се на располагање, за да можете да донесете информирана одлука за вакцинацијата против КОВИД-19. Ако вашата установа сè уште не ви ги дала тие информации, копија може да најдете на веб-страницата на Министерството за здравје.

    - Пред да дадете согласност, вие и вашето семејство, негувателите и доносителите на одлуки исто така можете да стапите во контакт со клиничките работници во вашата установа, со лекар од општа пракса (GP) или со друго професионално здравствено лице заради разговор за придобивките и ризиците од вакцинација, и дали е соодветно да примите вакцина против КОВИД-19.

- Клиничките работници во вашата установа ќе го проверат вашето здравје, за да обезбедат дека е соодветно да примите вакцина против КОВИД-19. Ако вашата установа е загрижена за вашето здравје, ќе се консултира со доктор од општа пракса (GP). Исто така може да изберете да разговарате во секое време со вашиот доктор од општа пракса за вашето здравје и за вакцинацијата против КОВИД-19.

- Ако се согласите да примите вакцина против КОВИД-19, вашата установа за резиденцијална нега на стари лица ќе ве регистрира за вакцинација. Вашата установа ќе ги организира со персоналот за вакцинација сите аранжмани за денот на вакцинацијата.

- Вакцината против КОВИД-19 не треба да биде препишана од вашиот доктор од општа пракса.

- Вие имате право да стапите во контакт со застапник за нега на стари лица (aged care advocate). Оваа услуга ја дава OPAN и е бесплатна, во доверба и независна од владата и давателите на услуги за нега на стари лица. Застапници за нега на стари лица во вашата држава или територија се достапни на 1800 700 600 или на opan.com.au.

## На денот на вакцинацијата

- Ако имате намера да примите вакцина, клиничките работници во вашата установа ќе проверат за да обезбедат дека се чувствувате добро на денот на вакцинацијата. Ако кај вас се појави некој медицински проблем на денот на вакцинацијата, вашата установа за резиденцијална нега на стари лица може да се консултира со доктор од општа пракса за да утврди дали може да бидете вакцинирани или тоа треба да се одложи за подоцна.

- Може да изберете лице за поддршка да дојде на денот на вакцинацијата во вашата установа за резиденцијална нега на стари лица, за да ви помогне и ви даде поддршка. Тоа може да биде некој кој ќе ги преведува информациите или кој ќе ве охрабри ако сте загрижени.

- Како кај секоја вакцина, по примањето на вакцината против КОВИД-19 може да се појават несакани ефекти. Информации за тоа што да очекувате по вакцинацијата ќе ви даде клиничкиот работник кој ќе ви ја даде вакцината. Тие информации исто така се достапни на веб-страницата на Министерството за здравје.

- По вакцинацијата, вработените во вашата установа за резиденцијална нега на стари лица внимателно ќе ве надгледуваат. Ако не се чувствувате добро по вакцинацијата, не пропуштајте да им речете.

## Продолжете да добивате веродостојни информации

Повеќе информации, вклучително преведени информации, може да најдете на веб-страницата за вакцините против КОВИД-19 на Министерството за здравје. Исто така може да се претплатите да добивате најнови информации за вакцините против КОВИД-19.

Исто така може да се јавите на дежурната линија за коронавирус на 1800 020 080 и да побарате преведувач, ако ви треба.

Мрежата за застапување на постари лица (Older Persons Advocacy Network - OPAN) е на располагање ако сакате да разговарате за кое и да е прашање или проблеми што ги имате во врска со КОВИД-19, или ви треба помош за ангажирање на вашиот давател на услуги за нега на стари лица. Јавете се на 1800 237 981 од 6 наутро до 10 навечер (AEDT), 7 дела во неделата или пратете електронска порака на covid@opan.com.au.